9814

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVACKO PREDUZECE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihailova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account 608-1-251-1
SLUZBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
Скопје
31. V. 1969

# Ќе се формира уметничка галерија — Мартиноски?

Академикот Никола Мартиноски, неодамна поднесе барање до надлежната служба при Собранието на Скопје, за проширување на ателјето и станот во кој живее и работи. Со доградба на уште неколку простории, станот во иднина се предлага да служи како галерија во која ќе бидат изложени уметничките слики и цртежи на овој еминентен ликовен уметник. Во барањето на Никола Мартиноски, меѓу другото се истакнува: „Согласен сум по мојата смрт станот да биде претворен во галерија на мои дела и да го носи моето име. Се ангажирам во фондот на таа



Никола Мартиноски

колекција да оставам 60 до 80 слики во масло и темпера и околу 100 цртежи. Тие треба да бидат проценети од стручна комисија и откупени од Собранието по редукција на 60 отсто од проценетата вредност, која по мојата смрт, да и се исплати на мојата сопруга Злата, а во случај и на нејзината смрт, на моите два сина: Никола и Коста“.

Во писменото барање академикот Никола Мартиноски наведува, дека би било најдобро, за чување и раководење на колекцијата, односно галеријата, да биде ангажирана неговата сопруга Злата, до колку таа се согласи со тоа. „Вака формулираната изјава, се истакнува во барањето на Никола Мартиноски, — претставува мој професионален тестамент, кој ако наиде на разбирање кај одговорните фактори, би била исполнета и мојата последна професионална желба. Притоа сметам дека моето семејство по мојата смрт ќе треба да добие стан надвор од овој објект, откако надлежните органи ќе пристапат кон организирање на галеријата — Мартиноски. Доколку моето барање биде позитивно решено заинтересираните органи, ова ќе го формулираат така, што одлуката да претставува правен акт кој ќе ги регулира взаемните односи“.

Барањето на академикот Никола Мартиноски го разгледа Советот за култура при Собранието на Скопје. Советниците се согласија барањето да се прифати како политика и да се применува во практиката, на врвни уметници кои ја презентирале нашата национална култура и надвор од нашата земја, уште додека се живи да можат да организираат галерија, да создадат нови слики, и да ги приберат порано создадените кои се наоѓаат на други места. Меѓутоа, советниците, рекоа, дека од ова барање ќе произлезат и други проблеми. Дали објектот во кој живее академикот Мартиноски со адаптирањето и проширувањето ќе биде станбена просторија или уметничка галерија? Ова е посериозно прашање, отколку што изгледа на прв поглед, — рекоа советниците. — Треба да се разјаснат и детализираат, многу работи околу договорот доколку тој се прифати. Освен тоа, има врвни уметници и во литературата, музиката и во другите области што ја презентирале нашата национална култура и литература во нашата и другите земји. Идејата заслужува внимание — и се прифаќа.

Овде треба да го истакнеме она што беше забележано и на седницата на Советот за култура. Постои контрадикторност меѓу барањето на Мартиноски и тоа, што тој сака да направи и замислата на Собранието. Советниците се изјаснија за адаптација на објектот во уметничка галерија, но не и во станбен објект. Неговата намена да биде изложување на слики на уметникот. Таква галерија има врвниот македонски уметник Лазар Личеноски.

Ликовниот уметник Никола Мартиноски, заслужува да има сопствена ликовна галерија, која по неговата смрт ќе и припадне на градот, со неговите вредни дела. Неговата последна желба овој објект, што се наоѓа под Калето, во иднина да биде претворен во изложбена галерија во која ќе бидат изложени експонати од неговото долгогодишно творештво на полето на ликовната уметност, веројатно ќе биде остварена. Советот за Култура ја прифати ова идеја. Треба само да се расчистат некои работи со авторската агенција и околу регулирањето на тестаментот што треба да го остави академскиот сликар Никола Мартиноски.

**Ф. Јосифовски**